РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i certifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 04- 17/1 Скопје,Shkup,Skopje 07.02.2023 година/viti/year

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а по добиениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 779/2022 со број 10-316/5 од 06.02.2023 година, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

## О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 779/2022**

1. За работно место **Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи**, шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000 се избира кандидатот:

   - **Исамед Сељмани** со идентификациски код D5A7D34.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа Одлука по конечноста на истата за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во врска со јавниот оглас број 779/2022 објавен на ден 31.12.2022 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", за пополнување на работно место Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение бр.10-316/1 од 12.01.2023 година, спроведе постапка за селекција за вработување по јавен оглас.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, испитот за административен службеник, спроведената проверка на веродостојност на доказите и интервјуто за административен службеник, Агенцијата за администрација достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 779/2022 со број 10-316/5 од 06.02.2023 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази за селекција, со која се предлага за вработување Исамед Сељмани за работно место Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи.

По добивањето на предлогот Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од денот на објавувањето да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Генерален секретар**
**м-р Тања Ковачев**

Република Северна Македонија Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

**Доставено до:** - Именуваниот;
- Агенција за администрација и
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk